Република Северна Македонија
НУ Национален конзерваторски центар - Скопје

Бр. 04-503/10
16.11.2026 год.
С к о п ј е

Врз основа на член 23 став (2) и (4) од Законот за работните односи (Службен весник на РМ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/1572/15, 129/15, 27/16, 120/18 и Службен весник на РСМ бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21 111/23, 39/25, 74/25 и 208/25), член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на РСМ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), а согласно Записникот за работа на Комисијата за спроведување на постапката за вработување бр. 04-503/7 од 13.11.2026 година како и Финалната ранг-листа и Предлог одлуката за избор како составен дел од Записникот бр. 04-503/7 од 13.11.2026 година, а во врска со Одлуката за објавување на јавен оглас за вработување на 3 (три) лица на определено време бр. 04-503/1 од 2.11.2026 година, директорот на националната установа ја донесе следната

О Д Л У К А

за избор на кандидат по Јавен оглас бр. 03/2026

1. За извршител на работната позиција **КУЛ 01 02 Г03 006** Референт благајник, во Одделение за економско-финансиски и сметководствени работи при Сектор за правни, финансиски, административни и општи работи, 1 (еден) извршител, во Националниот конзерваторски центар се избира кандидатот:

   - **Ирена Анѓелевска**

2. По конечноста на одлуката за избор ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување на определено време.

3. Одлуката за избор да се достави до кандидатите да се објави на огласна табла и на веб-страницата на Националниот конзерваторски центар.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на потребата за вработување лица, утврдена во Годишниот план за вработување во НУ Национален конзерваторски центар за 2026 година бр. 04-364/1 од 27.8.2025 година, и Измена и дополна на Годишниот план за вработување бр. 04-8/9 од 8.4.2026 година, а по претходно добиено известување за обезбедени средства од Министерство за финансии бр. 19-8071/2 од 29.10.2026 година, како и одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на изборот, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен Јавниот оглас бр. 03/2026 од 4.11.2026 година, Националниот конзерваторски центар објави јавен оглас за вработување на 3 (три) лица на определено време. На јавниот оглас објавен во дневните весници *Нова Македонија* и *Коха* и на веб-страната на установата, се јави 1 (еден) кандидат за 1 (едно) објавено слободно работно место, за работна позиција Референт благајник, а врз основа на Решение бр. 04-503/5 од 9.11.2026 година формирана е Комисија за спроведување постапка за вработување. Комисијата се состана на 12.11.2026 година и изврши административна селекција на пријавените кандидати на јавниот оглас и достави Записник од спроведената административна селекција на кандидати бр. 04-503/6 од 12.11.2026 година. На 13.11.2026 година Комисијата ја спроведе и втората фаза од постапката за селекција за вработување, односно спроведе интервју со пријавените кандидати кои успешно ја поминаа првата фаза од постапката, за што состави Записник од работата на Комисијата за постапка за вработување за спроведено интервју со бр. 04-503/7 од 13.11.2026 година и начинот на бодување во постапката за селекција на кандидати и до директорот на установата достави Предлог-одлука од спроведената постапка за избор како составен дел на Записникот со бр. 04-503/7 од 13.11.2026 година. Од конечната ранг-листа на кандидати се утврди дека избраните кандидати имаат освоено најголем вкупен број освоени бодови во сите фази на селекција. Врз основа на горенаведеното, се изврши избор како во диспозитивот.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО

Против оваа одлука може да се поднесе приговор до Управниот одбор на Националниот конзерваторски центар во рок од 8 (осум) дена, по нејзиното донесување.

Д И Р Е К Т О Р,

м-р Александар Јорданоски

Изработила: м-р Теодора Јамандиловска, виш соработник за административни, општи и правни работи

Доставено до:

- именуваната;
- кандидатите;
- досие;
- огласна табла;
- архива.